На оваа возраст децата ги интересира буквално се околу нив. Тие поставуваат секакви прашања и бараат одговори. Какви и да се прашањата, на нив возрасните треба да дадат јасни и точни, но кратки одговори. Во децата треба да гледаме соговорници и личности кои сакаат да ја разберат природата и настаните и појавите во неа.

Од изнесеното се гледа дека како претходна фаза на оформување на еколошкото воспитување и еколошката култура, е создавањето на што поголемо естетско воспитување и образование на децата посебно кон убавините што ги содржи во себе природата.

**2.1. Суштински прашања за еколошкото образование и воспитание**

Преку прашањата и одговорите, во воведниот дел, ќе издвојам и потенцирам уште неколку, многу суштински прашања, без кои не би можеле да ја оствариме основната и крајна цел – формирање

од малите дечиња, утрешни граѓани со висока еколошка култура и правилен однос кон богатствата и убавините на природата, гледана како една глобална, еколошки најсложена целина.

Тие посебни прашања според мене се:

а. Природата како целина и со посебните еко целини и со сите врсти и видови, е голем таен еколошки лавиринт, за секој човек, а посебно за малите деца, кои се животно заинтересирани да го изучат и излезат со знаења за него;

б. Возраста на децата и нивните предзнаења бараат и голема стрпливост, тактичност и почит на личноста на детето, од сите учесници во наставниот-образовниот и воспитниот процес:

в. Еколошкото образование и воспитување, во основа има многу длабока суштина и одговорност и било какви грешки во овој правец директно водат кон казнување на природата и обратно;

г. Човекот е единственото свесно суштество, во еколошкиот конгломерат, кој плански влијае на промените и појавите во еко средините;

д. Клучно прашање за поставување на вака согледаната научна суштина и цел со децата од предучилишната возраст, сметам дека е правилниот избор на наставните методи на истражувањето, восприемањето и искористувањето на вистинските и правилни еколошки знаења и искуства, стекнати низ образованието, во практичниот живот на децата и човекот воопшто. Наставникот, во сите овие процеси, сепак ја има клучната образовна и воспитна улога.

Набљудувајќи ја природата практично, а не имагинарно ќе сфатиме дека, за разлика од другите науки, токму екологијата е “најприродна“ по суштина, па оттука во натамошниот тек на обработка на трудот целосно ќе бидат изнесени примените на најпознатите методи во истражувањето на во оваа наука.

Пред да го разгледаме поодделно секој метод што се применува во еколошкото образование и воспитување, неминовно треба да ги согледаме и следните моменти и факти, што имаат големо влијание врз содејството на два или повеќе педагошки методи за постигнувањето на поставените цели и задачи и за правилен избор на педагошките методи за работа, а тоа е дека наставникот најчесто тргнува, од една страна од карактеристичните особини на децата од предучилишна возраст, а од друга од природна средина што ги окружува децата, со сите спознати научни содржини. Наставникот им дава на децата информации за определени еколошки видови и екосистемите што постојат во таа средина, биолошка и животинска. Во работата со децата, наставникот слободно го избира методот и се движи низ своевидните природни ходници.

Одредени потешкотии се јавуваат за наставникот, поради тоа што психолошката наука ги нема проучено до крај механизмите за идентификација на појавите во однесувањето на децата во природата и со неа. Односот на децата е нејасен, поради тоа што е зависен од нивните сознанија за природата. Затоа секогаш ќе се поставува прашањето за адекватноста на однесувањето на децата при секое избрзано дејства во природната средина. Според Лобов, генезата на развојот треба да се бара во подреденоста на биолошките законитости. Социјалните пак основи на појавите во однесувањето кон природата се резултат на внатрешните фактори кај децата и се јавуваат како повисока фаза во нивниот развојот, во која наставникот се грижи на децата да им понуди што повеќе еколошки сознанија. Таквиот пристап на наставникот создава услови за таква кристализација на знаењата за природата, што подоцна ќе се поврзат и трансформираат во личен однос и разбирање на биолошките односи на децата кон себе и природата. Во оној момент кога социјалните односи ќе се претворат во водечки детерминантни фактори на одлучување во развитокот, содејството на децата со возрасните станува основен фактор во градењето на личната позиција на секое дете во односот и осознавањето на сопствената биосоцијална суштина и зависност од средината што ги опкружува децата и возрасните. Затоа е јасно дека не може да се оствари висока еколошка култура кај децата, без создавање на самостојна личност на детето во процесот на образованието и воспитанието и без детерминирање на стабилноста во неговиот внатрешен развој и созревање.

Разновидноста и сестраното знаење на природните појави, взаемните дејствија и активности, постојано ги прошируваат знаењата кај децата, а со тоа и влијанието на истите врз барањата на наставникот за надоградување на еколошката култура кај децата, при што тој процес диференцирано влијае кај секое дете.

Развитокот на децата, промените во социјалната средина, во која се остварува тој развој, како процес, доведува и до варијабилност и во примената на различни педагошки методи во различни ситуации, но и до содејство на факторите кои влијаат на формирањето на еколошката култура кај децата од предучилишна возраст – што би значело истовремена заедничка употреба на повеќе педагошки методи. Сепак како взаемните дејства и методи се употребуваат и одвиваат истовремено и во ист простор, уникатноста на педагошките дејствија не се губи. Тоа пак ја потврдува педагошката инструкција на наставникот разграничувањето на посебното од взаемното или општото, што одговара на

прашањето дека наставникот, сепак ја има главната улога и е пресуден фактор во формирањето на еколошката култура кај децата.

При формирањето на еколошката култура кај децата од предучилишна возраст, можат да бидат искористени повеќе видови на активности, но тоа сепак мора да одговара на однапред определени барања. На прво место треба да се земе фактот дека содржините и основните концепти на екологијата, во себе го содржат прашањето за "причинските врски"и "взаемната поврзаност"на факторите што дејствуваат во средината, а кај децата не сме успеале да изградиме сознанија токму за причините и поврзаноста, тогаш не би ни можеле да очекуваме успешно формирање на претстави за основните претпоставки за одделните области на екологијата.

Взаемните педагошки активности кои се поврзани со состојбите во средината, обезбедуваат не само пластичност на претставите за содржините на изучувањето, туку ги определуваат и условите на формирањето на мислењата на децата за појавите и промените во областа заштитата на животната средина.

Второ суштинско прашање, што има посебно место, при анализата на взаемните дејствија на одделните фактори, е *нивната специфичност во определувањето на социјализацијата на децата од предучилишна возраст, врз јакнењето на нивната интелектуална моќ низ процесите на работа со децата за правилното прифаќање на еколошката култура и условите за работа и живеење во средината на која и припаѓаат.* Воспитно-образовните состојби и активности требат да бидат разгледувани и од аспект на нивното влијание врз развитокот на еколошката култура на личноста – во случајот на децата, како непрекинат процес на изградувањето на самостојниот однос и оспособеност на детето за самостојно разбирање на природните појави и без страв, живеење во природната средина на која и припаѓа.

Досега изнесеното уште повеќе ќе биде комплетирано низ натамошното изложување на примената на секој педагошки метод, одделно и со обработката на конкретните активности со карактеристичните претставници на еколошкиот вид инсекти – пчелите и пеперутките – и тоа со деца од предучилишна и рана училишна возраст.

## 3. ПОИМ И ЗАДАЧИ НА ЕКОЛОШКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Несомнено е дека поимот еколошко образование датира од поново време. Дури во втората половина на минатиот век екологијата почнала да се воведува во воспитно - образовниот процес, најпрво преку зелените движења и организации, а потоа и во образовниот систем. Уште во почетокот се развиле бројни концепции на еколошкото образование и воспитание. Разликата помеѓу нив се движела од природна (биолошка), преку техничко –технолошка, до апелот да се решаваат социјалните прашања во современото општество. Првото поаѓалиште се задржало во училишниот систем и организациите и движењата за заштита на природата. Забрзаниот технолошки развој ги разбудил оние сили кои сакале хуманизација на нови машини и апарати, па дури и на технички науки, и тоа како во општеството, така и во односот спрема пошироката природа. Противречностите на современиот свет и се појасната поделба на мал број богати и маси сиромашни луѓе, технократизација и бирократизација на општествата, порастот на градовите, загрозените основни права на луѓето и другите зголемени општествени и природни проблеми се опфатени со желбата за хумана екологија. Од тоа може да се заклучи дека по својата содржина, еколошкото образование е сложен поим. Еколошкото образование е сложено и по форма. На сфаќањето на еколошкото образование секогаш мора да му претходи категоријална анализа на самиот поим. Него го сочинуваат две категории: екологија и образование. Ако се задлабочиме ќе навлеземе во мултиплицирана реалност која од нас бара студиозно одредување на истите, како и на врските и односите кои ги прават компатибилни. Екологијата ја сочинуваат многу динамични и диверзибилни екосистеми. Освен заедницата на растенијата, заедницата на животните и човекот, екосистемот ги опфаќа сите нивни преплетувања како однос спрема неживата природа во која се настанати. Биолошкиот диверзитет го сочинуваат структурално и егзистенцијално меѓусебно поврзи елементарни и биолошки единки во разни појавни форми. Тоа се многубројни облици на живи организми, од најситните клетки до најсложените организми, меѓу кои и факторот човек. Одржувањето на биодиверзитетот и развојот на животот на земјата – одржлив развој - не е просто евклидовско произлегување на едно од друго, туку напор на универзумот да направи компромис помеѓу едното и многуте во целина со цел создавање на одржлива заедница. Одовде произлегува наклонетоста на Ал Гор кон социјалната екологија и тврдењето ("Земјата во рамнотежа'') дека *основната задача на екологијата е проучување на рамнотежата и доаѓање до осноните начела кои управуваат со таа рамнотежа и сила во глобалното опкружување на човекот.*

Постои тенденција еколошкото да се дистанцира од екологистичкото образование. На првото му се наводно придава позитивистички карактер, во согласност со екологијата како наука за биолошкиот

диверзитет. Екологистичкото образование, по таа класификација, е морално и хуманистичко бидејќи го воспитува човековиот дух да дејствува балансирано кон останатиот биолошки диверзитет. Еколошкото воспитание и образование е посветено на биосистемот, додека екологистичкото е посветено на екосистемот. Додека во првото се говори за биотопите, во другото се оперира со поимот човекова околина. Ваквата поделба делумно е резултат на доцната појава на екологијата во процесот на воспитување и образување па и на зголемениот страв од употребата на технолошката моќ и ограничувањето на природните ресурси. Меѓутоа, ставот на овој автор е дека, како што ќе одминува времето, екологистичкото обраовање ќе станува сè попрактично. Како такво, со него ќе се занимаваат просветните асоцијации. Времето би морало да покаже дека најјака страна на екологијата е во тоа што е објективна, позитивна наука, па во воспитанието и образованието може да се вгради на систематски и осмислен начин. Ако крајната цел на секое човечко дејствување е задоволување на потребите, ако дејствувањето е интеракција помеѓу поширокта и потесната природа, екологијата треба да се согледува само како аспект на интеракцијата меѓу човекот и природата. Како што еколошкото знаење ќе прераснува од оружје на привилегираните во орудие на масите, така и еколошкото образование ќе се хуманизира. Природното морање ќе се трансформира во социокултурни морални принципи и начела. Моралната страна на екологијата е уште во повој. Како што таа ќе се развива, така стравот од неизвесната иднина ќе биде потиснуван со свесно управување со природните текови. Оттаму оваа дистинкција треба да се сфати условно, како привремено, дури бурно влегување на еколошките теми во процесот на воспитување и образување. Инсистирањето на таквата поделба би ја одвело екологијата, а со тоа и одржливиот развој, во институтите и лабораториите, а одговорноста за понатамошен опстанок на човекот ќе се сведе на група научници и политичари.

Овде треба да спомениме уште една категоријална поделба која се појавува со социјализацијата на екологија. Станува збор за обид за разделување на екологијата и одржливиот развој. Ако ова разделување се сфати како однос на базата (на еколошкото знаење и открития) и надградувањето (одржливиот развој), тогаш таа е направена поради полесно воочување на врските и односите помеѓу нив. Меѓутоа, ако одржливиот развојот се толкува исклучиво како нова филозофија која екологијата ја користи како појдовна основа за додатно намалување на одговорностите на развиените и додатно експлоатирање на сиромашните народи, тогаш многу брзо ќе се покаже дека за научно втемелување на новиот концепт не може ни да се зборува. Досегашните филозофски правци се создавале како концепти на дијагоналното пронаоѓање на мудри решенија за човекот. Без разлика дали го објаснувале светот или настојувале да го менуваат, тие биле постела која чекала раѓање и развој на позитивни науки. Филозофијата е добра основа за развој на науката.

И кога зборуваме за образованието мораме да имаме на ум дека се работи за сложен поим. Образованието пошироко, го сочинува образованието во потесна смисла и воспитувањето. Да се образува значи да се формира. Поставувајќи ја екологијата во целта на образованието, општествена заедница се определила нејзините идни граѓани да бидат формирани така да можат да делуваат во согласност со еколошките принципи и начела. Во потесна смисла, значи, *образованието е процес на формирање личности заради остварување на одредени цели*. Тоа е надворешна или почетна страна на воспитно-образовниот процес. Тоа може да биде диплома или друга општествена верификација која потврдува дека целта на формирање на личноста е успешно исполнета. Ако крајот на образованието е професија, пракса, состојба, претпоставуваме за некоја личност дека ги исполнила сите услови од процесот на (еколошко) формирање, односно дека го достигнала степенот на состојба од кој може да се заклучи квалификационата подготвеност за дејствување. Образовната форма може да биде, на пример, ученик од медицинско училиште. Основни облици на неговиот образовен процес се конкретно училиште, дури конкретен клас, наставен план и програм, школски успех, учебници и литература, воспитувачи или наставници кои му помагаат во конкретните наставни предмети и слично.




Графички приказ 1: *Содржина на образованието - воспитанието*

Содржината на процесот на образованието го прави процесот на учење (дидактичко-методички знаења и вештини), стекнување и развивање на навиките, стекнување и зајакнување на волјата за оперативно и креативно дејствување и морално однесување. Без знаењето и вештините образованието би останало само празна форма. Иако учењето е тежок процес на стекнување знаења и вештини, можеби и најтешката работа во човековиот живот, знаењето и искуството не можат да се подарат или купат. Тоа најдобро се чувствува кога се дојде во позиција на практично дејствување. Недостатоците во знаењето и вештините се манифестираат како страв, недостаток на самодоверба, грешки и слично. Исто така, прилагодувањето е важен дел на образовната форма. Со лоши навики знаењето и вештините не можат да дојдат до израз. Навиките се оној дел на практичното делување кои идниот (образован) граѓанин е способен или неспособен да ги поврзува со конкретните задачи на теренот. Знаењето и вештините се битни елементи за развојот на компетентноста на ученикот, но исто така нема компентентности без изградени навики да се повразуваат знаењата со животните предизвици. Стекнувањето и зајакнувањето на волјата е друга димензија на практичното поврзување и развивање на знаењето и вештините. Силната волја се манифестира како креативно создавање, додека безволноста е негација на верификуваното умеење на образованата личност. Волјата не е ништо друго до степен на изграденост на логичката интелигенција да ги контролира емотивните состојби, било да ги потиснува или од нив да извлекува поттик за решавање на животни прашања. За логичката интелигенција да успее во таа намера, мора да располага со одржливи факти - теоретски знаења за проблемот кој го решава, знаења за своите можности и значајот на резултатот кој се остварува. Волјата е синтеза на визијата, мотивацијата, навиките, знаењето и вештините. Конечно, моралноста можеме да ја толкуваме како однесување во согласност со општествените интенции, а можеме да ја сфатиме и пошироко - како однесување и дејствување (реагирање) во согласност со природата. Може да се каже дека воспитувањето е фонд на знаење, изградени навики и умеења, достигнување на димензија на волја, и усвоеност на легитимните интенции на општеството кои (ученикот) воспитаникот ги усвоил за да оствари конкретна образовна форма. Образованието и воспитувањето се компатибилни поими.

## 4. ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ПРОБЛЕМИ

Односот помеѓу воспитанието и образованието во педагошката теорија изобилува со различни ставови на различни автори. Далеку би отишле ако би ги наведувале бројните дефиниции на воспитание и образование и нивните меѓусебни односи. Ние овде ќе бидеме задоволни со општо разбирање од едноставна причина дека не можеме да навлегуваме во поединости. Основните замерки кои можеме да ги нагласиме се:

а) Пренагласување на образованието на сметка на воспитувањето и обратно. На пр. Стипан Јукиќ докажува дека образованието е најширок педагошки поим и дека не постои воспитување. Или, Миле Ненадиќ се повикува на училишната педагогија која под образованието подразбира намерно учење на содржини, додека воспитанието претставува учење за моралните и факторите на личноста поврзани со волјата.[1] Во праксата доаѓа до мешање на поимите па така кај нас може да се сретнат: техничко образование, техничка култура и техничко воспитување иако се работи за ист предмет па дури и се користи ист учебник.

б) Психологизирање, методицирање, дидактизирање, па и институционализирање на воспитувањето поради одвојување од останатите влијанија кои детето ги стекнува како дел од средината во која живее.

Централното прашање околу кое педагозите се разидуваат при дефинирањето на воспитанието и образованието и нивните меѓусебни односи, според Находа**,** е во тоа дали развојот е подреден на учењето или учењето му претходи на развојот? Еколошкото воспитание и образование по женевскиот концепт би морало со добри училишни програми, дидактички материјал, и одмерени методи да го подржуваат развојот на децата така да тие сами учат, и да учат по пат на откривање. Ова мислење (учење подредено на развивање) ја пренагласува самостојноста на развојот без влијанието на наставникот и општествената средина, односно однесувањето на децата. Природата навистина делува независно од нашето знаење, но и општествената свест на нашите предци и современици не е иста. Ако прифатиме дека постојат различни предиспозиции кај децата и адолесцентите, не смееме да го занемариме фактот дека екосистемот е единствен или, барем до одредена мерка, растеглив за бескрајните индивидуални разлики и пристапи. Се чини дека московската школа (Гаљперим и др.) е нешто пореална во проценката на влијанието на учењето и пренесувањето на искуството на генерациите во развојот на личноста - развој подреден на учење - на она место каде што на еколошкото воспитување и образување би ја понудиле улогата во одржливиот развој на екосистемот. ‚ Поделбата на работа’’ помеѓу воспитувачот

и воспитаникот доаѓа од тврдењето дека учесниците во воспитувањето се воедно и субјекти и објекти во овој процес, па така Маркс во својата трета теза за Фоербах тврди дека воспитувачот воспитува, но и самиот се воспитува во текот на својот работен век. Воспитувачот може да влијае на воспитаникот само ако тој е отворен да ги прима и усвојува сите пораки, а воспитаникот пак е ограничен и со своите психофизички способности, така и со факторите од окружувањето.

## 5. ЗАКЛУЧОК

За воспитувачот е важно да разликува, субјект од објект'' и да знае што сака да постигне со воспитувањето. Мораме да истакнеме дека воспитувањето е творечка дејност а не услуга на трето лице. Она што на воспитувачот би требало да му ја олесни работата се две околности. Прво, *природниот развој* на детето до адолесцентост и зрелост, независно од воспитувачот, второ, воспитувачот со својата работа си ја олеснува т.е. усовршува својата производна работа. Друга околност која на воспитувачот му ја олеснува производната работа е согласноста од страна на воспитаникот дека и тој самиот ќе работи на своето усовршување, т.е. на своето самопроизводство. Воспитаникот има не само природна потреба да се развива во согласност со окружувањето, туку и да ги задоволи своите лични амбиции, мотиви и потреби. Во воспитно-образовниот процес влегува како објект но брзо ги препознава своите креативни можности и продолжува да се однесува како субјект. За него, во новите околности, воспитувачот е „помошно средство'' со чија помош ги остварува своите цели во воспитно-образовниот процес. Децата во наставникот гледаат како возвишен субјект, додека пак адолесцентите во својот професор тоа не можат ни да го замислат, иако тие можеби имаат повеќе знаење и поголемо звање. Комуникацијата воспитувач - воспитаник со време станува сѐ посложена, со многу препреки, па дури и недоразбирања. Производството во воспитувањето е многу повеќе од работа на индустриска лента затоа што тоа не го опфаќа само производството на академски знаења, туку и управувањето со емоциите. Ако академизмот го поставиме како единствена цел, и ја запоставиме интерперсоналната интелигенција, го деекологизираме воспитанието. На тој начин вршиме уништување на детските таленти, емоционалните и општествени способности на учениците да го разберат животот како развој полн со непредвидливи појави и процеси. Американскиот психолог Хауард Гарднер апелира дека би требало повеќе да се работи со воспитаникот за да ги препознава и развива своите способности и таленти, отколку да се работи на оценувањете.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Биљана Штрбац, Мирјана Сегединац и Мирјана Војиновић-Милорадов: "*Мотивисаност ученика за усвајање наставних садржаја из области Заштите и унапређења животне средине у осовном и средњем образовању*" часопис "Педагошка стварaност", бр. 1-2, Савез педагошких друштава Војводине, Нови Сад, 2003. године.
[2] Bell JF, Wilson JS, Liu GC. Neighborhood greenness and 2-year changes in body mass index of children and youth. Am J Prev Med 2008;35:547–53.
[3] Birch LL, Parker L, Burns A. Early childhood obesity prevention policies. Washington, DC: National Academies Press; 2011. 17. Institute for Agriculture and Trade Policy. Farm to Child Care, 2012. http://www.iatp.org/issue/farm-to-childcare.
[4] Dyment JE, Bell AC. Grounds for movement: green school grounds as sites for promoting physical activity. Health Educ Res 2008;23:952–62.
[5] Hedberg A, Lewis T, Sharma S. PLANT gardens: preschoolers learn about nutrition through gardens curriculum development and pre-testing. J Am Diet Assoc 2009;109:A47.
[6] Monasta L, Batty GD, Macaluso A, et al. Interventions for the prevention of overweight and obesity in preschool children: a systematic review of randomized controlled trials. Obes Rev 2011;12:e107–18.
[7] Миле Ненадић,"*Социолошки итинерер*",Просвета, Београд, 1999. године.
[8] Миле Ненадић: "*Образовање "тиранија тренутка" и промене "бесном брзином*", часопис "Педагогија", бр. 1, Форум педагога Србије и Црне горе, Београд, 2006. године.
[9] Милена Орловић-Потkоњак и Никола Поткоњак: "*Педагогија*" 1. И 2. Део, треће издање Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1974.године
[10] Светозар Находа: "Дидактички основи на планирањето и програмирањето наставног работа," зборник на дела "Актуелности во образованието, бр. 2, стр. 44, Министарство за просвет на Република Србија-Сектор за истражување и развој на образованието, Белград, 2000. година.
[11] Стипан Јукић: "*У основи сваког васпитања је образовање*", часопис "Педагошка стварaност", бр. 3-4, Савез педагошких друштава Војводине, Нови Сад, 2003. Године.

[12] Veselinovska SS, Osogovska TL. Engagement of students in environmental activities in school. Procedia Soc Behav Sci 2012;46:5015–20.
[13] Thompson Coon J, Boddy K, Stein K, Whear R, Barton J, Depledge MH. Does participating in physical activity in outdoor natural environments have a greater effect on physical and mental wellbeing than physical activity indoors? A systematic review. Environ Sci Technol 2011;45:1761–72.
[14] Весна Д. Милтојевић, "*Еколошка култура*", Факултет заштите на раду, Ниш, 2005. године.